РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ
ЛОКАЛНА САМОУПРАВА
ул. Архимедова бр.2 1000 Скопје, Македонија
тел: +389 (02) 322 66 55; факс +389 (02) 321 51 12; http:// www.gazibaba.gov.mk; opstina@gazibaba.gov.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ - Скопје
MINISTRIA E MJEDISIT JETËSOR DHE PLANIFIKIMIT HAPËSINOR - Shkup

| Примено / E pranuar: 18-12-2024 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. / Nj. org. | Број / Numër | Прилог / Shtojcë | Вредност / Vlera |
| УПП-15 | -2315 | 2024 | |

СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ И ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ
Одделение за урбанистичко планирање
Бр. 28-3/4747/3 од 16.12.2024 година
С К О П Ј Е

До
**Министерство за животна средина и просторно планирање**
**Сектор за одржлив развој и инвестиции**
**Одделение за одржлив развој**
1000 Скопје

Предмет: **Доставување на Одлука за неспроведување на Стратегиска оцена на животна средина за ДУП за градска четврт СИ 01 Блок 03, Општина Гази Баба – Скопје,** плански период 2023 - 2028

Почитувани,

Согласно член 65, точка 12 од Законот за животната средина („Службен весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/15, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18 и „Службен весник на РСМ" бр. 89/22 и 171/22), Ви ја доставуваме Одлуката за неспроведување на Стратегиска оцена на животна средина за ДУП за градска четврт СИ 01 Блок 03, Општина Гази Баба – Скопје и пропратната документација за проценка на потребата од спроведување СОЖС, врз основа на која е донесена горе спомнатата Одлука.

Со почит,

Прилог:
1. Одлука
2. Формулари за потреба од спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена на животната средина
3. Цели на Општината

Изготвил:
Советник

Кристина Јовковска Коваленска, д.и.а

**Раководител на сектор**

**Александар Јанакиевски, д.и.а**

Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина („Службен весник на РМ“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/15, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18 и „Службен весник на РСМ“ бр. 89/22 и 171/22) **Градоначалникот на Општина Гази Баба,** на ден 13.12.2024 година, донесе:

Одлука за неспроведување на стратегиска оцена

1. За планскиот документ **ДУП за градска четврт СИ 01 Блок 03, Општина Гази Баба - Скопје**, кој се носи согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање, не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.

2. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на општина Гази Баба **www.gazibaba.gov.mk**

Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став (4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена и на формуларите за потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена донесувањето на планскиот документ **ДУП за градска четврт СИ 01 Блок 03, Општина Гази Баба - Скопје**, нема да има влијание врз животната средина од следните причини: бидејќи со планскиот документ кој се донесува ќе се изврши усогласување со ГУП на град Скопје од 2012 - 2022 година и усогласување со стандардите и нормативи за урбанистичко планирање.

3. Против оваа одлука може да се поднесе жалба до **Министерство за животна средина и просторно планирање** во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

Бр.28-3/4747

Датум: 13.12.2024 год.

Место: Скопје

Градоначалник

Бобан Стефковски

| Податоци за органот кој го изработува планскиот документ | |
|---|---|
| Назив на планскиот документ | Детален урбанистички план за градска четврт **СИ 01 Блок 03**, Општина Гази Баба |
| Орган надлежен за изработка на планскиот документ | Општина Гази Баба |
| Орган надлежен за донесување на планскиот документ | Совет на Општина Гази Баба |

| Податоци за изработувачот на планскиот документ | |
|---|---|
| Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ | Д-р Жаклина Ангеловска, дипломиран инженер архитект |
| Назив на работното место | Овластен планер во УРБАНКОН ДООЕЛ Скопје |
| Контакт податоци за лицето | Ул. Московска број 26, Скопје |

| |
|---|
| |
| **Основни податоци за планскиот документ** |
| **Од што произлегува донесувањето на планскиот документ? (пр. законска обврска или друга одредба)** |
| ДУП за градска четврт СИ 01 Блок 03, Општина Гази Баба, Скопје, претставува планска документација која ќе се изработи врз основа на ГУП на Град Скопје (2012-2022), односно РПЧ на Град Скопје (2012-2020) за ГЧ СИ 01.03, изводи од постојни урбанистички планови, увид на лице место, податоци и информации за постојна и планирана инфраструктура од органите на државната управа и другите субјекти, усвоена Планска Програма, ажурирана геодетска подлога, а во согласност со Законот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ бр.32/2020, 111/23, 73/24, 171/24 и 224/24) , Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ бр.225/2020, 219/2021, 104/22 и 99/23) како и други важечки прописи и нормативи од областа на урбанистичкото планирање. |
| **Дали се донесува нов плански документ или се врши измени на постојниот** |
| ДА х<br>НЕ |
| **Доколку се врши изема на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините за негово изменување?** |
| / |
| **Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од Законот за животна средина. Доколку одговорот е ДА наведете ја областа.** |
| Да , просторно и урбанистичко планирање |
| **Дали планскиот документ е определен со Уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколу е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен (пр. член 3 точка 1 алинеја 5).** |
| Да , Член 3 , точка 13 , алинеја / |
| **Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапката за оцена на влијанието врз животната средина. Доколку одговорот е позитивен наведете за каков проект станува збор.** |
| Не |
| **Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животната средина. Доколку одговорот е ДА, наведете ја површината на областа и нејзиното значење.** |

| |
|---|
| не |

| |
|---|
| **Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе.** |
| Деталниот урбанистички план има за цел поставување на урбанистички концепт за организација на просторот во границите на планскиот опфат, а во исто време преставува континуитет во развојот на делот од населбата усогласувајќи го планскиот документ со поставките и параметрите дадени во ГУП на Град Скопје од 2012 - 2022 година.<br>Според ГУП на Град Скопје од 2012 - 2022 година, во планскиот опфат на градска четврт СИ 01.03, во рамките на на границите на наменските зони планирани се следните доминантни класи на намена: Б - комерцијални и деловни намени, В - јавни институции, Г – лесна индустрија, сервиси и стоваришта, Д - зеленило и површина под секундарна сообраќајна инфраструктура.<br>Заради флексибилност на планот во градежните парцели постои можност за избор на компатибилни класи на намени со максимален дозволен % на учество на збирот на компатибилни класи на намени во однос на основната класа на кои се таксативно наведени.<br>Според тоа предметниот Детален урбанистички план за градска четврт СИ 01.03, Општина Гази Баба, Скопје, преставува плански документ за кој не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина. |
| **Предмет на планскиот документ. (пр. транспорт, планирање на просторот и сл.)** |
| Просторно и урбанистичко планирање. |
| **Периодот за донесување на планскиот документ.** |
| пет години |
| **Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање на колку години?** |
| По истекот на пропишаниот плански период. |
| **Простор или област опфатени со планскиот документ (пр. географска област, добро е да се прикачи мапа)** |
| Предметниот плански опфат дефиниран како градска четврт СИ 01.03, Општина Гази Баба, Скопје, зафаќа површина од 10,395 ха, а во рамки на регулација 8,32ха. Овој простор е ограничен од:<br>• **север** – транзитна магистрала Бул. „Александар Македонски"<br>• **североисток** – сервисна улица С3„А" и С3 „Б"<br>• **југоисток** – градска магистрала ул. „15-ти Корпус" и<br>• **југозападапад** – сервисна улица С2 „А" и С2 „Б". |
| **Целите и/или предлог целите што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ.** |
| ДА X<br>НЕ |
| **Дали е приложена копија од целите?** |
| ДА X<br>НЕ |

<table>
<tr><td colspan="2">Резиме на влијанијата врз животната средина<br>(Да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните прашањата кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето).</td></tr>
<tr><td colspan="2">Потенцијалните влијанија врз животната средина од планскиот документ.<br>Со реализација на планскиот документ се предвидува изградба на објекти на земјиште на кое е предвидена основни класи на намени на земјиштето:.<br>Наменска употреба на земјиштето и градбите:<br>Б2 – големи единици за трговија (над 200м2 и/или повеќе од П+1 кат)<br>Б4 – деловни и комерцијални дејности во големи канцелариски згради<br>В1 – образование и наука<br>В3 – култура<br>Д1 – парковско и пејсажно зеленило<br>Д2 – заштитно и сообраќајно зеленило<br>Д3 – спорт и рекреација на зелена површина<br>Е1 – сообраќајни, линиски и др. инфраструктури<br>Влијанијата, кои се претпоставува дека може да произлезат со имплементација на овој ДУП за градска четврт СИ 01.03, може да се разгледуваат од аспект на идни бенифиции,односно позитивни влијанија.</td></tr>
<tr><td>Веројатноста, времетраењето, фреквентноста и повратноста на влијанијата;</td><td>Зголемувањето на степенот на искористеност на земјиштето и изградба на сообрќајната инфраструктура и комуналните системи ќе овозможи подобар квалитет и повисоки стандарди на урбанизираниот простор за сите корисници. Од ова произлегува и очекувано зголемување на интересот за изградба на објекти што значи и прилив на средства за надоместок за уредување на градежното земјиште односно комуналии за општината , кој би се вратил во форма на инфраструктурна опременост на просторот.<br>Меѓутоа, веројатноста е дека со одобрувањето на ДУП за градска четврт СИ 01.03, не може да предизвика негативни влијанија врз животната средина, како во фазата на градба, така и во фаза на експлоатација на планираните објекти.<br>Влијанијата што ќе се јават во фаза на градба (емисија на штетни материи во</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| | воздухот, можни штетни влијанија врз почвата- директни и индиректни, емисии на бучава, отпад и влијание врз флората и фауната), ќе бидат локални и со ограничен временски рок. Влијанијата кои ќе се јават во фаза на експлоатација на објектите се проценуваат како незначајни со долгорочен карактер, имајќи го во предвид фактот дека планираните објекти долгорочно ќе опстојуват на оваа локација. |
| **Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето;** | Изградбата на планираните содржини на предметниот урбан зафат ќе има комулативно влијание врз животната средина,но не многу значајно, а кое пред се ќе се огледа на штетното влијание врз амбиенталниот воздух. Од проектот не се очекуваат значајни влијанија врз животот и здравјето на луѓето, затоа што видот и природата на планираните проектни содржини не спаѓаат во групата на големи и директни загадувачи на животната средина и животот и здравјето на луѓето. |
| **Прекугранична природа на влијанијата;** | Од овој проект не се очекуваат прекугранични влијанија. |
| **Ризиците по животот и здравјето на луѓето и животната средина (пр. како резултат на несреќи);** | При изградба и експлоатација на предвидените содржини во рамките на планскиот опфат, постои ризик по здравјето на луѓето и животната средина од евентуално предизвикани пожари и хаварии и за истите се предвидуваат мерки за заштита. |
| **Опсег и просторниот обем на влијанијата (географска област и големината на популацијата која ќе биде засегната).** | Границата на опфатот на градска четврт СИ 01.03, е оформена со улична мрежа, односно:<br>• **север** – транзитна магистрала Бул. „Александар Македонски“<br>• **североисток** – сервисна улица СЗ„А“ и СЗ „Б“<br>• **југоисток** – градска магистрала ул. „15-ти Корпус“ и<br>• **југозападапад** – сервисна улица С2 „А“ и С2 „Б“.<br>со површина од 10,395 ха, а во рамки на |

| | |
|---|---|
| | регулација 8,32ха. |

**Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предзвикал планскиот документ како што се:**

Со реализацијата на ДУП за градска четврт СИ 01.03, ќе се зголеми степенот на искористеност на земјиштето и изградба на сообрќајната инфраструктура и комуналните системи ќе овозможи повисоки стандарди на урбанизираниот простор за сите корисници.

Од ова произлегува и очекувано зголемување на интересот за изградба на објекти што значи и прилив на средства за надоместок за уредување на градежното земјиште односно комуналии за општината, кој би се вратил во форма на инфраструктурна опременост на просторот.

**Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ:**

Со изработка на ДУП за ГЧ СИ 01.03 ќе се продлабочи разработка на предложеното со важечкиот ДУП за Локалитет Маџари – опфат 1, Општина Гази Баба и ќе се изврши планско, програмско и нормативно усогласување на истото со постојната планска документација од повисоко ниво, односно со ГУП на град Скопје (2012-2022). На тој начин би се постигнал континуитет во планирањето земајќи ги предвид условите на постојната состојба, притоа допринесувајќи повисока реализација на деталниот урбанистички план, почитување на параметрите на ГУП на град Скопје (2012-2022).

| | |
|---|---|
| **Посебни природни карактеристики или културно наследство;** | На предметниот локалитет не е евидентирано културно наследство |
| **Надминувањата на стандардите за квалитет на животната средина или гранични вредности;** | Не се очекува надминување на стандардите за квалитет на животната средина, ниту пак на граничните вредности. |
| **Интензивна употреба на земјиштето;** | Земјиштето на кое ќе се градат објектите претставува градежно земјиште,коешто нема можност за друга употреба. |
| **Влијанијата врз областите или пејсажите кои имаат признати статус на национални или меѓународни заштитени подрачја.** | Нема |

**Објаснете го степенот до кој планскиот документ поставува рамка за спроведување на проекти и други активности, во однос на локацијата, природата, големината и условите за работа или според одредувањето на ресурсите:**

Со деталниот урбанистички план планирани се следните основни класи на намени на земјиштето: Б - комерцијални и деловни намени, В - јавни институции, Г – лесна индустрија, сервиси и стоваришта, Д - зеленило и површина под секундарна сообраќајна инфраструктура. Заради флексибилност на планот, во градежните парцели со основна класа на намена постои можност за избор на

компатибилни класи на намени со максимален дозволен % на учество на збирот на компатибилни класи на намени во однос на основната класа на намена.

**Намена на земјиштето и градбите:**

**Б2** – големи единици за трговија (над 200м2 и/или повеќе од П+1 кат)
**Б4** – деловни и комерцијални дејности во големи канцелариски згради
**В1** – образование и наука
**В3** – култура
**Д1** – парковско и пејсажно зеленило
**Д2** – заштитно и сообраќајно зеленило
**Д3** – спорт и рекреација на зелена површина
**Е1** – сообраќајни, линиски и др. инфраструктури

Планскиот документ кој ќе се спроведува има законска рамка и со него се планираат условите за градба на објектите.

**Објаснете ја околината во близината на проектот односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина (пр. планот предвидува изградба на резиденцијални објекти во близина на индустриска зона, објаснете дали индустриската зона ќе има влијание врз животната средина на планираните резеденцијални проекти):**

Со деталниот урбанистички план планирани се следните основни класи на намени на земјиштето: Б - комерцијални и деловни намени, В - јавни институции, Г – лесна индустрија, сервиси и стоваришта, Д - зеленило и површина под секундарна сообраќајна инфраструктура.

Предметниот плански опфат дефиниран како градска четврт СИ 01.03, Општина Гази Баба, Скопје, зафаќа површина од 10,395 ха, а во рамки на регулација 8,32ха. Овој простор е ограничен од:

- **север** – транзитна магистрала Бул. „Александар Македонски"
- **североисток** – сервисна улица С3„А" и С3 „Б"
- **југоисток** – градска магистрала ул. „15-ти Корпус" и
- **југозападапад** – сервисна улица С2 „А" и С2 „Б".

Не се очекува ниту предметните објекти за градење, ниту пак објектите кои е можно да се градат во непосредното опкружување да имаат негативно влијание врз животната средина, доколку се спроведат сите мерки кои ќе бидат предвидени во планската документација.

**Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на животната средина особено во поглед на промовирањето на одржливиот развој: (Да се наведе дали обемот на планскиот документ придонесува кон одржливоста и намалување на еколошките проблеми. Пр. еден инфраструктурен план може да има поголеми влијанија врз животната средина, отколку некој образовен план на наставните планови).**

Донесувањето на ДУП за градска четврт СИ 01.03, ќе има незначително влијание во следните области од животната средина :

-воздух- активностите за изградба на предвидените објекти и нивното

| |
|---|
| функционирање ќе влијаат врз квалитетот на воздухот, пред се поради емитувањето на штетни гасови од возилата и градежната механизација која ќе сообраќа до предметните локалитети и начинот на загревање. Сепак се оценува дека ова влијание нема значително да го загрози квалитетот на воздухот;<br><br>-бучава- и во фаза на реализација на планот, како и во фаза на експлоатација се очекува зголемено ниво на бучава на предметниот локалитет, имајќи во предвид дека ќе се зголеми бројот на станови , а со тоа и бројот на жителите.Имајќи во предвид дека урбаниот зафат се наоѓа помеѓу станбени улици,не се очекува значајно негативно влијание врз животната средина;<br><br>-отпад- во фаза на реализација и експлоатација на содржините предвидени во рамките на урбаниот зафат се очекува зголемување на количеството на продуциран отпад. Доколку со истиот не се постапува согласно позитивните законски норми, може да бидат предизвикани значајни влијанија врз медиумите од животната средина ( почва,подземни води, воздух итн.);<br><br>-флора и фауна- негативните влијанија ќе бидат локални, но не се очекува да бидат значителни. Во пределот кој се наоѓа во рамките на планскиот опфат не се евидентирани карактеристични видови од флора и фауна,ендемични и загрозени видови,како и карактеристични живеалишта.<br><br>Од аспект на одржливост, донесувањето на ДУП за градска четврт СИ 01.03, позитивно ќе влијае врз:<br>√ пивлекување на нова работна сила и вработување,<br>√ обезбедување на комунален надоместок кој би се вратил во форма на инфраструктурна опременост на просторот,<br>√ зголемување на доходот по глава на жител и стапката на економски раст,како и<br>√ зголемување на нивото на животен стандард во општината, |
| **Кои еколошки проблеми се релевантни за планскиот документ. Објаснете зошто истите се релевантни и опишете ја нивната природа и сериозност. (Објаснете ги проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги предизвика или да доведе до нивно зголемување, проблемите кои можат да го забават неговото спроведување, како и проблеми кои спроведувањето на планскиот документ може да ги реши или намали).**<br><br>Од еколошки аспект, значајни се следните влијанија кои може да бидат предизвикани врз животната средина:<br><br>-загадување на површинските и подземните води (доколку не се придржуваат инвеститорите до предвидените проекти водоводна мрежа, фекална и атмосверска канализација);<br><br>-зголемување на нивото на бучава (предизвикано од градежните активности,како и од сообраќањето на возилата во фаза на експлоатација);<br><br>-зголемување на количината на продуциран отпад (како во фаза на реализација, така и во фаза на експлоатација на објектите предвидени во планскиот опфат); |

| |
|---|
| **Објаснете како планскиот документ кој е предмет на разгледување е поврзан со друг/и плански документ/и во хиерхијата на планирање. Наведете го називот на тој/тие плански документ/и и наведете ги клучните влијанија на тие плански документи врз животната средина. Определете ги разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот планскио документ и другите планските документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена.**<br>Предметниот ДУП се базира директно на параметрите и одредбите на Генералниот урбанистички план на град Скопје.<br>Исто така изработката на ДУП за градска четврт СИ 01.03 има допирни точки со:<br>- Демографски и економски-социјален профил на Општина Гази Баба 2020 година;<br>- Стратегија за ЛЕР на Општина Гази Баба 2020-2025 година;<br>- Локален акционен план за животна средина ( ЛЕАП ) на Општина Гази Баба 2020-2026 година. |
| **Доколку потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот документ веќе биле предмет на оцена или веќе биле разгледани во други плански документи во некоја поранешна фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци се користени во процесот на одлучување. Опишете дали претходно спроведената оценка е направена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да се користи во процесот на усвојување на постоечкиот плански документ.**<br>Потенцијалните влијанија од предметниот плански документ не биле предмет на оцена во поранешната фаза на донесување на други плански документи. |
| **Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат во предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изградба на објект кој подлежи на постапка на оцена на влијанието врз животната средина).**<br>Не се спроведува стратегиска оценка на планскиот документ. |

| | |
|---|---|
| **ИЗЈАВА** | **Потврдуваме дека информациите дадени во овој формулар се точни, вистинити и комплетни.** |
| **Функција, име и презиме и потпис на лицето кој го носи планскиот документ во име на органот** | Градоначалник<br>Бобан Стефковски |

| | |
|---|---|
| Датум: 13.12.2024 година<br>Бр. 28-3/4747/2<br>Место: Скопје | М.П |

Република Северна Македонија | Republika e Maqedonisë së Veriut

**Министерство за животна средина и просторно планирање** | **Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ГАЗИ БАБА
СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ И
ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ - СКОПЈЕ

| Примено: 05-02-2025 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број | Прилог | Вредност |
| 28 | 3/658 | / | / |

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
SEKTORI I PLANIFIKIMIT HAPËSINOR

Арх.бр./Nr. Arkivi. УП1-15-2315/2024

Дата/Data: 21-01-2025

До: Општина Гази Баба
Ул. Архимедова бр. 2
1000 Скопје
Република Северна Македонија

Предмет: Известување
Врска: ваш бр. 28-3/4747/3 од 16.12.2024 год.

Почитувани,

Во врска со Вашето барање доставено до Министерство за животна средина и просторно планирање - Сектор за просторно планирање под бр.УП1-15-2315/2024 од 18.12.2024 год. поврзано со постапка за носење на планска документација за ДУП за градска четврт СИ 01 Блок 03 - Општина Гази Баба, Ве известуваме дека согласно Законот за животната средина ("Сл.весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18 и "Сл.весник на РСМ" бр. 89/22 и 171/22) Вашата Одлука за неспроведување на Стратегиска оцена за влијанието врз животната средина бр. 28-3/4747 од 13.12.2024 год. и Формуларот бр.28-3/4747/2 од 13.12.2024 год., Министерството за животна средина и просторно планирање **ги прифаќа.**

Deri te: Komuna e Gostivarit
Bul. Boris Gjinovski nr. 61
1230 Gostivar
Republika e Maqedonisë së Veriut

Lënda: Njoftim
Lidhja: Nr. juaj 28-3/4747/3 nga data 16.12.2024

Të nderuar,

Në lidhje me kërkesën tuaj të dërguar në Ministrinë e mjedisit jetësor dhe planifikimit hapësinor - Sektori për planifikim hapësinor me nr. UP1-15-2315/2024 nga data 18.12.2024, e cila lidhet me procedurën për miratimin e dokumentacionit planifikues për PDU për lagjen urbane SI 01 Blloku 03 - Komuna e Gazi Babës, Ju informojmë se, në përputhje me Ligjin për mjedisin jetësor ("Gazeta Zyrtare e RM" nr. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 dhe 99/18 dhe "Gazeta Zyrtare e RMV" nr. 89/22 dhe 171/22), Vendimi juaj për mosrealizimin e Vlerësimit strategjik të ndikimit në mjedisin jetësor me nr. 28-3/4747 nga data 13.12.2024 dhe Formularin nr. 28-3/4747/2 nga data 13.12.2024, Ministria e mjedisit jetësor dhe planifikimit hapësinor **i pranon.**


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
SEKTORI I PLANIFIKIMIT HAPËSINOR

Одлуката заедно со формуларите задолжително се објавуваат на веб страната на органот кој го подготвува и носи планскиот документ.

Vendimi së bashku me formularët detyrimisht të publikohen në faqen e internetit të organit që përgatit dhe miraton dokumentin planifikues.

Со почит,

Me respekt,

МИНИСТЕР/ MINISTËR
Izet Mexhiti

Изработил/Përpiloi: Зарије Абази/Zarije Abazi, помлад соработник/bashkëpunëtore e re
Контролирал/Kontrolloi: Дајана Марковска Ристеска, помошник раководител на сектор/ndihmëse udhëheqëse i sektorit
Одобрил/Miratoi: Nebi Rexhepi, раководител на сектор/udhëheqes sektori

Одобрил/Miratoi:Resmi Ejupi/Ресми Ејупи, Државен секретат/Sekretar shtetëror
Согласен /Me pëlqim të: Недим Рама/Nedim Rama, посебен советник на Кабинет на министер/këshilltar i posaçëm i kabinetit të ministrit
Согласен /Me pëlqim të: Хусамед Агушовски/Husamed Agushovski, посебен советник на Кабинет на министер/këshilltar i posaçëm i kabinetit të ministrit


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk